This project is cofounded by EU

National platform for women entrepreneurship

# СОВЕТОДАВЕН ОДБОР НА НАЦИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

## ПРЕПОРАКИ И ДИСКУСИЈА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО – ДЕЛ ПРВИ

Проф. д-р Тамара Јованов Апасиева

Член на советодавен одбор на NPWE

**Датум: 10.09.2021 година (петок)**
**Време: 12:00-14:00**
**Место: ZOOM платформа**

# ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ – НАЦИОНАЛНА ПРАТФОРМА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

- **Главната цел на проектот:** зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за креирање предлог јавни политики и застапување во областа на женското претприемништво, со спој на постојните мрежи во единствена платформа што ќе претставува интерес на жените претприемачи на сите нивоа.
- **Специфични цели на проектот се:**

1. градење на национална платформа за ЖП како главен социјален партнер за креирање политики и реформски процеси;
2. олеснување на структурниот дијалог, вмрежување и консултации меѓу засегнатите страни од ЖП на национално и локално ниво;
3. подобрување на капацитетите на граѓанските организации за ЖП за политика, застапување и соработка со националните и локалните власти;
4. промовирање на жени претприемачи како двигатели на промените во јавната политика.

# ТЕКОВНА СОСТОЈБА

- И покрај тоа што е зголемен фокусот на создавање на подобри услови за развој на женското претприемништво, сепак земјата сѐ уште се соочува со сериозни предизвици кога станува збор за зголемување на бројот на жени претприемачи и нивната конкурентност.
- Многу меѓународни компаративни трудови и индекси укажуваат дека во државата постои значителна родова нееднаквост во учеството во економскиот живот на земјата и во пристапот до ресурсите и можностите.
- Поврзувањето на приватниот сектор со институциите, општините и сл. ќе придонесе за развој на претприемачката свест и свеста за постоење на можност за креирање на заеднички политики кои ќе придонесат за општото добро.
- Со дизајнирање на Платформата се става акцент на потребата за дијалог, структурна соработка и доверба помеѓу националната / локалната власт и деловната заедница во корист на економското зајакнување на жените, вклучително и младите и руралните жени.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

- Од анализите кои што се добиваат од терен може да се заклучи дека кај нас жените имаат помали односно пониски претприемачки намери во споредба со мажите, како резултат на повеќе влијателни фактори.
- Најголем дел од домашните мали и средни претпријатија се во доминантна сопственост на мажи, податок кој во иднина може да се промени како резултат на заедничкото делување и работење на проектот.
- За успешна имплементација на проектот е неопходна соработка со јавните институции, образовниот сектор, приватниот сектор и медиумите со цел да се осознае моменталната состојба во која се наоѓаме, а потоа и да се предлагаат и решенија за менување на таа состојба.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

- Активност која што може во иднина да се превземе за да се подобри состојбата е соработка со општините и понуда на бесплатни обуки за развој на вештини на претприемачи.
- Обуките може да се однесуваат од една страна за развој на преговарачки и комуникациски вештини, менаџмент и маркетинг вештини за подобро управување со самата компанија, продажни вештини, вештини за брендирање и слично.
- Општините може да обезбедат неискористените простории да бидат користени како места за работење и места за разменување на знаење и искуство, или пак за продажба на производите.
- Во примерот на Бангладеш е направен посебен фонд за бескаматни кредити, односно кредити без хипотеки и камати, кои се даваат на луѓе кои сакаа да основаат бизнис од различни сектори. Над 90 проценти од овие кредити иако не се обезбедени со хипотеки се вратени и остварен е значителен економски развој.
- Потребно е да се обезбеди и поголемо онлајн присуство на производите на жените претприемачки. Навиките за онлајн купување ќе останат и по завршување на пандемијата, поради што прилагодувањето е неопходно, па затоа и сегашните и за идни претприемачки мора да размислуваат во оваа насока. Тоа може да биде организирано преку хабовите, преку посебни веб страни за продажба, а во тој дел може да се вклучат и општините.

# ПРЕПОРАКИ ЗА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

- Во процесот на развој на женското претприемништво треба да бидат вклучени учесници од различни области и различни сегменти од општеството, претставници од министерствата, претставници од образовниот сектор меѓу нив и успешни жени претприемачи кои ќе имаат простор да го кажат своето искуство, и се остави простор конкретни предлози и имиња да се дадат на следниот состанок.
- Она што не смее да се заборави се медиумите, во насока на нивно учество, бидејќи медиумите преку развој на едукативни содржини и информативни содржини можат да влијаат за подигнување на свеста на општеството во однос на претприемништвото и женското претприемништво како фокус.
- Потенцијалните претприемачи кај нас се свесни дека е тешко да се почне со сопствен бизнис, но сепак тоа не е најчестата причина заради која луѓето не се решаваат да почнат да работат. Најголемото обесхрабрување доаѓа од тоа што жените се сомневаат во своите квалитети и од погрешната перцепција која постои во општеството за жените кои имаат свој бизнис.


Recording
Koordinator
Tamara Jovanov
Elena Blazhevska
Tanja Markovska
Jasmina Kantardzieva
Emilija Andonova
Јована Тренчевска
Daniela Antonovska
Tanja Tomic
dusicap
Mimi Shushleska Petkova
Disoska